1379

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS

BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842

Tel. 621-578

Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
27. VI. 1966

## Пред третата „Средба на солидарноста"

# ДЕНОВИ НА БОГАТА КУЛТУРНА ПРОГРАМА

Ѓ. Поповски

Еден месец не дели од одржувањето на Третата „Средба на солидарноста". Подготовките за големата културна смотра веќе се при крај. Останува уште неколку ансамбли да го потврдат своето учество во приредбите.

И годинава, на отворената летна сцена во спортскиот Центар „Кале", ќе се одржат вечери на фолклорни ансамбли што ќе допатуваат од, речиси сите земји од Европа, САД и СССР, додека во Универзалната сала ќе бидат приредени повеќе концерти на сериозна музика, балет, вечери на забавна музика и ревии на пеачи.

### Вердиевиот „Реквием" на свеченото отворање

На 26 јули, со свечено дефиле на спортистите — учесници на годинешната манифестација, на Градскиот стадион свечено ќе почнат приредбите од спортскиот дел на „Средбата на солидарноста" додека, вечерта, во Универзалната сала, Симфонискиот оркестар на Филхармонијата на СРМ ќе го изведе „Реквием" на Верди, а со тоа ќе почнат и културните приредби.

Во деновите на одржувањето на „Средбата на солидарноста", во Скопје ќе допатуваат многу бројни ансамбли на забавна и сериозна музика, балетски групи и солисти од Англија, САД, Италија, СССР, Чехословачка, Полска, Грција, Франција, Бугарија, Албанија, Турција, Австрија, Швајцарија, Чиле, Мексико, Германија, Белгија, Холандија и други Во рамките на манифестацијата ќе се одржи и „Средба на млади виолинисти".

### Бројни музички приредби

Втората вечер на сцената „Кале", ќе настапат неколку странски ансамбли, додека во Универзалната сала се предвидува да се одржи „Вечер на забавни мелодии" на која ќе настапат домашни и странски интерпретатори на забавна музика.

На 28 јули вечерта, во Универзалната сала ќе бидат приредени две претстави од областа на сериозната музика. Во првиот дел ќе настапи познат вокален нонет од Чиле, а во продолжение на програмата, театарот „Станиславски" од Москва, ќе приреди балетска претстава. Четвртата вечер од манифестацијата ќе биде посветена на забавната и народната музика. Во спортскиот центар „Кале" целовечерна приредба ќе одржат познати ансамбли од европски земји, додека Универзалната сала познати забавни ансамбли од земјата и странство ќе одржат „Ревија на забавна музика".

На 30 јули, во Универзалната сала ќе биде организирана интересна приредба. Во реализацијата ќе земат учество, народни и забавни ансамбли, играчи на модерни игри, додека на 31 вечерта ќе се одржи ревија на врвни забавни состави од светот. Во програмата од 1 јули од манифестацијата „Средба на солидарноста", ќе биде одржана „Вечер на модерен балет" во чија реализација ќе учествуваат модерни балетски групи од СССР, Чехословачка, Полска и други. На 2. август со свечено дефиле на постојните ансамбли од Скопје ќе заврши Третата „Средба на солидарноста".

### И „Изложба подарени дела на Музејот за современа уметност"

И годинава, во рамките на „Средбата на солидарноста" ќе бидат организирани неколку ликовни изложби. Во текот на осумте дни (колку што ќе трае манифестацијата) во просториите на Републичкото собрание ќе биде организирана изложбата „Подарени дела на Музејот за современа уметност". На свеченото отворање на оваа ликовна манифестација, во Скопје ќе допатуваат повеќе светски и домашни уметници, меѓу кои Алвиани Гентулио од Италија (дарител на неколку платна на Музејот за современа уметност во Скопје), Жан Касу (организатор на првите подароци од Франција) и професорот Улиќ директор на Галеријата од Дрезден. Од домашните уметници во Скопје ќе допатуваат Петар Лубарда (прв дарител на Музејот со 27 слики), Ордан Петлевски (еден од првите дарители и член на Иницијативниот одбор кој продолжува со акцијата за подарување. Едо Муртиќ, сликар од Загреб, и Стојан Челиќ од Белград.

Покрај оваа изложба, во рамките на манифестацијата во Скопје ќе гостува и „Мајскиот салон" од Париз. Оваа врвна изложба ќе биде организирана во изложбените простории на Музејот на современата уметност во Скопје.

Плакатот за средбата е веќе одамна изготвен и испратен во многу земји а во печат се наоѓа публикација која, меѓу другото, донесува осврт врз досегашните „Средби на солидарноста".